Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08 - 433/3
25-07-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 433 од 11.7.2023 година, поднесена анонимно за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 25.7.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-433 од 11.7.2023 година, поднесена анонимно **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 11.7.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена анонимна претставка за заштита од дискриминација, со оставена електронска адреса за контакт [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше податоци за лицето кое ја поднесува, податоци за лицето против кое е поднесена, како и дискриминаторска основа врз која е изнесено тврдењето за сторена дискриминација, на ден 13.7.2023 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Барање за доуредување на претставката на горенаведената електронска адреса за контакт, заведено под арх. бр. 08-433/2. Со барањето подносителот/ката беше задолжен/а во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката, во насока што ќе наведе лични податоци (име и презиме, адреса), податоци за лицето (правно или физичко) против кое ја поднесува и дискриминаторска основа.

Претставката не беше доуредена во предвидениот законски рок и следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отрфрли претставката заради неуредност.

Скопје
25.7.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]